**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-207/3 од 03.04.2015 година донесена на 131-та седница на наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 3.4.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *економика на туризам и угостителство* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ од 7.3.2015 година и во предвидениот рок се пријави д-р Билјана Петревска, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Билјана Петревска** е родена на 10 септември 1973 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Охрид со континуиран одличен успех. Од 1992 до 1996 година студира на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на насоката Туризам, на темата „Стратегиско планирање на туристичкиот производ“ дипломира со средна оценка 9,74 и се стекнува со звање дипломиран организатор по туризам и угостителство. Како резултат на одличните постигнувања за време на студирањето, доделени ѝ се повеќе награди и тоа: пофалница за најдобар студент на генерацијата на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид (1996), признание за најдобар студент според Студентската организација при Факултетот за туризам и угостителство - Охрид (1996), пофалница за најдобар студент на генерацијата при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (1997) и пофалница за најдобар студент на својата генерација по повод прославата за 20-годишнината од формирањето на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид (1998). Во учебната 1996/1997 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола на насоката Меѓународен туризам. Во 2001 година, со просечна оценка на студирањето од 9,33, го одбранува магистерскиот труд со наслов „Примена на стратегиското планирање во туристичкото стопанство во Република Македонија“ и се стекнува со звање **магистер на науки од областа на туризмот и угостителството**. Во 1999 година, на Филозофскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје се стекнува со диплома за педагошко-психолошка и методска подготовка за вклучување во образовен процес. Во 2010 година, на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ја брани докторската дисертација на тема „Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија“ и се стекнува со научен степен **доктор на економски науки.**

Д-р Петревска има работно искуство во меѓународни организации (Советот на Европа и Програмата за развој на Обединетите нации), каде што е одговорна за реализација на многубројни програми, проекти и активности. Од септември 2010 година е вработена како **доцент** по група предмети од економски науки на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што покрај редовните студии е вклучена и во постдипломските студии на насоките Меѓународен туризам и Бизнис логистика. За своето посебно залагање во спроведувањето на работните активности,

кандидатката е два пати наградена од Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип за реализирани активности за користење на флексибилното работно време. Имено, за реализираните активности во 2013 година, д-р Петревска е рангирана во првите 10 наставници на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и за реализираните активности во 2012 година е рангирана во првите 20 наставници на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Од приложената документација се гледа дека д-р Билјана Петревска одлично го владее англискиот јазик и има и солидни познавања од германскиот јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Со Одлука бр. 2602-89/7 од 6.9.2010 година е избрана за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научното подрачје економски науки.
2. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petrevska, B. (2014) | Determinants of tourism contribution to national economy | *CEA Journal of Economics*, 9(1), 37-45 | од 2006 година |
| 2. | Petrevska, B. (2014) | Measuring seasonal concentration of tourism demand: comparative study of SEE countries | *CEA Journal of Economics*, 9(2) | од 2006 година |
| 3. | Petrevska, B. (2013) | Investigating tourism seasonality in Macedonia | *UTMS Journal of Economics,* 4(1), 37-44 | од 2010 година |
| 4. | Petrevska, B. (2012) | Economic impacts of tourism: the evidence of Macedonia | *The Young Economists Journal,* 18, 174-181 | од 2003 година |
| 5. | Petrevska, B. (2012) | Tourism contribution to regional development: best practice in Macedonia | *Journal of Community Positive Practices,* 12(3/2012), 425-440 | од 2008 година. |

3. Или три научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Petrevska, B. (2013) | Empirical evidence on calculating optimum hotel accommodation supply | *Wulfenia Journal,* 20(7), 2-15 | ISI Web of Science IF: 0.267 |
| 2. | Petrevska, B. (2013) | Estimating tourism demand: the case of FYROM | *TOURISMOS: An International Multidisciplinary Journal of Tourism*, 8(1), 199-212 | SCOPUS IF: 0.597 |
| 3. | Koceski, S. & Petrevska, B. (2012) | Empirical evidence of contribution to e-tourism by application of personalized tourism recommendation system | *Scientific Annals of the "Alexandru Ioan Cuza" University of Iasy - Economic Sciences Series*, 1, 371-383 | SCOPUS IF: 0,379 / ICV: 4.51 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката д-р Петревска е вработена како **доцент** по група предмети од економски науки на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (Одлука бр. 2602-89/7 од 6.9.2010 г.). За време на изборниот период покривала повеќе предмети на прв и втор циклус студии:

*Прв циклус студии*

Ангажираност на ФТБЛ при УГД:

- Економија на угостителство (насока: Туризам и ГИД)
- Економика на туризмот (насока: Туризам и ГИД)
- Економика на угостителство и туризам (насока: Туризам и ГИД)
- Промотивни активности (насока: Туризам и ГИД)
- Математика во угостителството (насока: ГИД)
- Ресторански менаџмент (насока: ХР)
- Информативни системи во туризмот (насока: Туризам и ГИД)
- Основи на економија (насока: БЛ и БА)
- Информативни системи и логистика (насока: БЛ)
- Царинска тарифа и царинска управна постапка (насока: БЛ)
- Комерцијална логистика (насока: БЛ и БА)

Ангажираност на Земјоделски факултет при УГД:

- Промотивни активности (насока: Рурален туризам)

Универзитетски изборен предмет:

- Планирање во туризмот

*Втор циклус студии*

Задолжителни/изборни предмети:

- Деловно планирање во туризмот (Меѓународен туризам 3+2)
- Бизнис информациони системи (Меѓународен туризам 3+2)
- Екотуризам (Меѓународен туризам 3+2)
- Планирање во туризмот (Меѓународен туризам 3+2 и 4+1)
- Планирање на логистички центри (Бизнис логистика 3+2)
- Бизнис економија (Бизнис логистика 3+2 и 4+1)
- Комерцијално светско стопанство (Бизнис логистика 3+2)

Универзитетски изборен предмет:

- Планирање во туризмот

Во изборниот период, кандидатката д-р Петревска за потребите на наставата на Факултетот на туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има издадено интерни скрипти и практикуми, како и позитивно рецензирани наслови, и тоа:

Позитивно рецензирана скрипта:

- Петревска, Б. (2014). *Економика на угостителство и туризам*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, (ISBN 978-608-244-028-6); и

Позитивно рецензирани практикуми:

- Петревска, Б. (2014). *Практикум по економика на угостителство и туризам*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, (ISBN 978-608-244-029-3); и
- Петревска, Б. & Китанов, В. (2014). *Практикум по промотивни активности*, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, (ISBN 978-608-244-098-9).

Кандидатката д-р Петревска покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри како ментор на еден магистранд. Нејзиниот научен интерес е од областа на економските аспекти на развојот на туризмот, надополнет со промовирање на нови иновативни начини на унапредување на туризмот и угостителството. Д-р Петревска има позитивна оценка од евалуација од страна на студентите.

***Научноистражувачка дејност***

Во изборниот период, кандидатката д-р Петревска е самостоен автор на најголемиот број научни трудови објавени во меѓународни списанија, стручни книги, член е во уредувачки одбор/рецензент во меѓународни списанија, предавач на меѓународни летни школи и учесник/раководител во повеќе научноистражувачки проекти од национален и меѓународен карактер.

Во време на изборниот период, кандидатката д-р Билјана Петревска ги има публикувано следните монографии и научни книги во земјава и во странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

1. **Петревска, Б.** (2014). *Економика на угостителство и туризам*, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (ISBN 978-608-244-028-6).

   *Ракописот е рецензирана е-скрипта наменета првенствено за студентите кои го изучуваат предметот Економика на угостителство и туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Се состои од девет глави во кои се разработени основните поставки, потребата и значењето на економските аспекти на угостителството и туризмот.*
2. **Петревска, Б.** (2014). *Практикум по економика на угостителство и туризам*, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, (ISBN 978-608-244-029-3).

   *Ракописот е рецензиран е-практикум наменет за студентите кои го изучуваат предметотЕкономика на угостителство и туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Основна цел е да служи како учебно помагало при спроведување на дванаесет вежби, па претставува надополнување на материјата која е разработена во е-скриптата Економика на угостителство и туризам.*
3. **Петревска, Б.**& Китанов, В. (2014). *Практикум по промотивни активности*, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, (ISBN 978-608-244-098-9).

   *Ракописот е рецензиран е-практикум наменет за студентите кои го изучуваат предметот Промотивни активности на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Основна цел е да служи како учебно помагало при совладување на најважните теми од туристичката промоција. Овој практикум содржи дванаесет вежби; секоја од нив започнува со краток преглед на содржината која е разработена во таа глава со поставени цели на учење кои треба да ги постигнат студентите преку совладување на вежбата. Вклучени се многубројни примери кои имаат за цел сликовито да ја прикажат материјата и да ја доближат до студентите. На крајот на секоја вежба се дадени прашања за размислување и дискусија кои им овозможуваат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја.*
4. **Петревска, Б.** (2014). *Туристичко планирање*, ЕДНОТЕРА-Скопје (ISBN 978-608-65554-2-9).

   *Проблематиката на примена на туристичкото планирање е централна тема на оваа книга структурирана во три дела кои меѓусебно се надополнуваат. Во првиот дел е детално објаснет концептот на туристичкото планирање. Вториот дел дава одговор на најважните прашања поврзани со планирањето на развојот на туризмот. Третиот дел е посветен на туристичкото планирање во Македонија, при што се дадени многубројни емпириски истражувања од кои произлегуваат интересни заклучни согледувања и препораки.*
5. Koceski, S. & **Petrevska, B.** (2013). *Design and Development Of Hybrid Recommender System for Tourism*, LAMBERT Academic Publishing (ISBN 978-3-659-34825-9).

   *Целта на оваа книга е да дизајнира систем за туристичка препорака во туризмот со што би им се помогнало на туристите да го пронајдат излезот од информацискиот хаос во е-туризмот. Предложената методологија е корисна за студенти, професионалци во комуникации и туристичка промоција, а посебно за клучните актери кои ја креираат туристичката развојна политика.*
6. Коцеска, Н., **Петревска, Б.** и Коцески, С. (2013). *Системи за препораки во туризмот на локално ниво*, ЕДНОТЕРА - Скопје, (ISBN 978-608-65554-1-2).

*Оваа книга е пионерско апликативно истражување во кое е конкретно применет систем за препораки на туристички објекти на локално ниво во Македонија. Презентирани се концепти, методологии и насоки добиени како резултат на темелни анализи кои претставуваат голем придонес и поттик за натамошен развој на науката која ја обработува оваа проблематика. Ракописот е во полза на сите оние кои на каков било начин имаат допирна точка со промоција на туризмот, но и на студентите, во облик на дополнителна литература, при проширување на познавањата за системите за препораки.*

7. **Петревска, Б.** (2012). *Практикум по Математика во угостителството*, Штип, Самостоен издавач (ISBN 978-608-65319-2-8).

*Овој ракопис има за цел да служи како помагало во совладувањето на најважните теми од математиката со кои може да се има контакт при секојдневното угостителско работење. Преку многубројни практични примери се настојува да се доближи сознанието дека математиката не треба да се изучува само поради збогатување на знаењето од математика, туку поради можноста таа да се користи при решавањето на практичните проблеми. Методолошки, ракописот се состои од седум глави, а по секоја од нив, во форма на дванаесет вежби, следуваат задачи за вежбање.*

8. **Петревска, Б.** (2011). *Планирање во туризмот*, Штип, Самостоен издавач, (ISBN 978-608-65319-0-4).

*Целта на овој ракопис е да укаже на фактот дека клучот за успешен развој на туризмот лежи во примената на концептот на неговото планирање. Се состои од четири дела, при што во рамките на првиот дел акцентот е ставен на хетерогениот карактер на туризмот. Вториот дел е во целост посветен на економските ефекти на туризмот, додека носечки дел на книгата претставува третиот дел во кој детално е објаснет концептот на планирањето во областа на туризмот. Во последниот дел се елаборирани најважните прашања поврзани со подготвувањето на туристички развоен план.*

9. **Петревска, Б.** (2011). *Економика на туризмот на Македонија*, Штип, Самостоен издавач (ISBN 978-608-65319-1-1).

*Овој ракопис ја истражува проблематиката околу согледување на постојните, но и дефинирање на глобалните насоки во кои треба да се движи економскиот развојот на туризмот во Македонија. Структуриран е во шест глави, каде што првата глава ја разработува проблематиката на планирањето на одделните активности на носителите на туристичката понуда. Втората глава изобилува со детални анализи за туристичката понуда на Македонија. Третата глава се состои од сеопфатна анализа на туристичка побарувачка, а потоа е извршено предвидување на туристичката побарувачка во Македонија за шестгодишен период. Во четвртата глава е направена анализа на придонесот на туризмот во економската активност на Македонија. Во петтата глава е презентиран предлог-модел за изработка на туристички развоен план на Македонија. Во шестата глава е дефинирано местото на туризмот во глобалната развојна стратегија на Македонија.*

***Трудови објавени во научно списание опфатено со SCI/CA:***

10. **Petrevska, B.** (2013). Empirical evidence on calculating optimum hotel accommodation supply, *Wulfenia Journal,* 20(7), 2-15 (ISI Web of Science IF: 0.267)

*Во трудот се направени пресметки на оптималната хотелска понуда во Македонија, изразена преку број на хотелски соби и хотелски легла. Истражувањето и калкулациите се темелат на вкупниот број на доаѓања на туристите во периодот 2000-2012. Резултатите покажуваат голем расчекор помеѓу пресметаната оптимална хотелска понуда и постојната.*

11. **Petrevska, B.** (2013). Estimating tourism demand: the case of FYROM, *TOURISMOS: An International Multidisciplinary Journal of Tourism*, 8(1), 199-212. (SCOPUS IF: 0.597)

*Во трудот е прикажана проекција на туристичката побарувачка во Македонија преку примена на методот на експоненцијално порамнување низ неколку варијанти. Проектирани се краткорочни вредности до крајот на 2014 година. Трудот укажува*

*на потребата од примена на методи за предвидување во процесот на туристичко планирање.*

12. Koceski, S. &**Petrevska, B.** (2012). Empirical evidence of contribution to e-tourism by application of personalized tourism recommendation system, *Scientific Annals of the "Alexandru Ioan Cuza" University of Iasy - Economic Sciences Series*, 1, 371-383. (SCOPUS IF: 0,379 / ICV: 4.51)

*Во трудот е применет иновативен пристап за промоција преку анализа на случајот на Македонија. Укажано е на придонесот од развивање персонализиран систем за туристичка препорака во насока на унапредување на е-туризмот.*

13. **Petrevska, B.** (2014). Determinants of tourism contribution to national economy, *CEA Journal of Economics*, 9(1), 37-45.

*Овој труд има двојна цел, најпрво да направи теоретско истражување на детерминантите на туристичкиот развој во Македонија, а потоа да ги тестира и пронајде најзначајните фактори кои влијаат на туристичкиот развој. За таа цел е направена анализа со примена на методот на регресија за периодот 1993-2012 и констатирани се детерминати со еластичност и детерминанти кои се многу влијателни за понатамошниот развој на туризмот во Македонија.*

14. **Petrevska, B.** (2014). Measuring seasonal concentration of tourism demand: comparative study of SEE countries, CEA Journal of Economics, 9(2), 45-53.

*Во овој труд се направени пресметки за квантифицирање на туристичката сезоналност во селектирани земји во Југоисточна Европа. Калкулациите се правени според месечните податоци на вкупниот број туристи во периодот 2007-2012. Резултатите укажуваат дека во Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Словенија постои ниска сезоналност, додека во Хрватска и Црна Гора има висока сезоналност со значителна концентрација на туристичката побарувачка.*

15. **Petrevska, B.** (2013). Investigating Tourism Seasonality in Macedonia, *UTMS Journal of Economics,* 4(1), 37-44.

*Овој труд ја истражува концентрацијата на туристичката побарувачка во Македонија преку пресметување на стандардни индикатори. Придонесот на трудот е во фактот што научно ја тестира хипотезата на сезоналност притоа отфрлајќи ги досегашните верувања дека таа го ограничува развојот на туризмот во Македонија.*

16. **Petrevska, B.** & Koceski, S. (2013). Web-based platform for enhancing tourism development: an exploratory study, *Journal of Tourism Challenges and Trends*, 6(1), 113-129.

*Во овој труд се разгледани можностите за примена на Web како водечки извор на информирање во унапредување на туристичкиот развој во Македонија. Оттука, предложено е софтверско решение организирано на принципот на социјалните мрежи преку што би се подигнала свеста на корисниците за Македонија како привлечна туристичка дестинација.*

17. **Petrevska, B.** & Manasieva Gerasimova, V. (2012). Tourism in Regional Development: Empirical Evidence, *Innovative Issues and Approaches in Social Sciences,* 5(2), 6-20.

*Целта на овој труд е да укаже на влијанието на туризмот врз регионалниот развој во југозападниот дел на Македонија. Направени се повеќе анализи со податоци од секундарни извори за периодот 2003-2010. Резултатите од истражувањето укажуваат дека Југозападниот плански регион е водечки статистички регион во Македонија кога се работи за туристички и регионален развој.*

18. **Petrevska, B.** (2012). Projecting Accommodation Capacities in Macedonia, *Procedia – Social and Behavioral Sciences*, 44, 88-94.

*Трудот е конципиран во два дела. Во првиот дел е направена проценка на конкурентноста на македонскиот туристички сектор преку анализа на Индексот на конкурентност според WEF. Во вториот дел се применети стандардни формули и проектирани се оптималните сместувачки капацитети во Македонија. Резултатите покажуваат дека постои 1,5-2 пати поголема понуда во хотелските легла од проектираните, наспроти изненадувачките пресметки за недостиг од хотелски соби.*

19. **Petrevska, B.** (2012). Economic impacts of tourism: the evidence of Macedonia, *TheYoung Economists Journal,* 18, 174-181.

*Во трудот е направена проценка на директните економски ефекти на туризмот врз македонската економија. Притоа, анализата се темели на дел од најчесто применуваните економски параметри кои индицираат економски раст и развој. Резултатите укажуваат на потребата од постојано следење на влијанијата на туризмот и нивно инкорпорирање во стратегијата за одржлив развој.*

20. **Petrevska, B.** (2012). Tourism contribution to regional development: best practice in Macedonia, *Journal of Community Positive Practices,* 12(3/2012), 425-440.

*Овој труд укажува на потребата од согледување на придонесот на туризмот во регионалниот развој на Македонија. За таа цел, направена е споредбена анализа на осумте плански региони во Македонија. Притоа, како најдобар пример за регионален развој преку туризмот се посочува Југозападниот регион со напомена дека мора да постои ефикасна рамка за справување со скромните резултати наспроти големите потенцијали.*

21. **Petrevska, B.** (2012). The Role of Government in Planning Tourism Development in Macedonia, *Innovative Issues and Approaches in Social Sciences,* 5(3), 118-133.

*Во овој труд е анализирана улогата на државата во планирање на туристичкиот развој на Македонија. Поконкретно, направена е проценка на влијанието на државата во неколку клучни области, и тоа: приватизација, законодавство, туристичка промоција и фискална политика. Резултатите укажуваат на квалитативна промена на улогата на државата која применува разновидни мерки и инструменти во различните развојни периоди од 20-тина години.*

22. **Petrevska, B.** & Koceski, S. (2012). Tourism recommendation system: empirical investigation, *Journal of tourism*, 14, 11-18.

*Во овој труд е даден предлог за систем за туристички препораки во Македонија кој почива на колаборативно филтрирање преку креирање позитивни импулси и персонализирана листа за посета на атракции. Поволните резултати од тестирањата на индикаторите покажуваат оправданост од примена на ваков систем за посета на Македонија како туристичка дестинација.*

23. **Petrevska, B.** (2012). Forecasting International Tourism Demand: the Evidence of Macedonia, *UTMS Journal of Economics,* 3(1), 45-55.

*Во трудот е направена проекција на меѓународната туристичка побарувачка во Македонија преку примена на Box-Jenkins методологијата. Тестирани се повеќе спецификации на моделот и предложен е ARIMA(1.1.1) with dummy според кој се очекува пораст на бројот на странските туристи од 25%. Проектираните вредности може да послужат како добра основа за подготовка на туристички развоен план на Македонија.*

24. Koceski, S. & **Petrevska, B.** (2012). Enhancing tourism promotion by enriched web-based portal, *BH Economic Forum*, 4, 259-274.

*Трудот предлага како да се зголеми бројот на туристи во Македонија преку примена на веб-базиран портал. Поконкретно, објаснети се предностите од дизајнирање портал преку кој пребарувачите на туристички услуги ќе можат да ги приоретизираат пребарувањата според своите преференции и желби. На таков начин се унапредува туристичката промоција во услови кога туристите и патниците се соочуваат со голем број информации.*

25. Koceski, S. &**Petrevska, B.** (2012). Development of a National Tourism Web Portal with Enriched Recommender: Empirical Evidence, *International Journal of Information, Business and Management,* 4(1), 337-355.

*Во трудот е укажано на неопходноста од осознавање на потребите на туристите пред донесување одлука за патување и престој. Во таа насока е предложен софтвер кој на национално ниво ќе ја промовира дестинацијата во целост. Креираниот модул е тестиран на случајот на Македонија, при што се добиени солидни резултати.*

26. **Petrevska, B.** (2011). Tourism in the Global Development Strategy of Macedonia: Economic Perspectives, UTM*S Journal of Economics* 2(1): 101-108.

*Трудот прави обид да ја идентификува позицијата на туризмот во глобалната развојна стратегија на Македонија. За таа цел, образложени се два во целост спротивставени става. Првиот ја анализира приоритетната ориентација на туризмот, додека вториот ја маргинализира улогата на туризмот во економскиот придонес. Резултатите укажуваат на неопходност од развивање на туризмот во Македонија во пошироки макроекономски рамки, како специфичен пазарен сегмент чии димензии сеопфатно може да се согледаат преку квантитетот и структурата на туристичката потрошувачка.*

27. Petrevska, B. (2011). Economic Planning of Tourism Demand in Macedonia, Economic Development, 3/2010: 133-145.

*Трудот ја поддржува тезата дека не може правилно да се применува концептот на економско планирање на развојот на туризмот, без притоа да се примени предвидување на туристичката побарувачка. Особено е нагласена потребата од користење на квантитативните методи за проектирање. Направена е краткорочна проекција преку примена на методот на двојно експоненцијално порамнување и Холтвинтерсово порамнување. Резултатите се од особена важност при планирање на идниот туристички развој на Македонија.*

28. **Petrevska, B.** (2011). Accommodation Capacities in Macedonia as a Factor for Competitive Tourism Supply, *CEA Journal of Economics*, 6(2): 35-42.

*Во овој труд е анализирано прашањето на соодветност на туристичката понуда кон туристичката побарувачка во Македонија. Трудот предлага иницирање низа мерки и активности за унапредување на туристичката конкурентност. Резултатите од пресметките посочуваат на голема неусогласеност на постојната сместувачка понуда со очекуваната побарувачка.*

***Трудови објавени во научни списанија:***

29. **Petrevska, B.** & Deleva, S. (2014). Funding ecotourism certification programs, *Journal of Applied Economics and Business*, 2(2), 92-104.

*Во трудот е даден осврт на основите на екотуризмот и потребата од воведување програми за сертифицирање екотуризам. За таа цел, анализирани се генералните и специфичните цели кои произлегуваат од најважните акредитирани програми за екотуризам. Истовремено, елаборирани се најважните финансиски пречки со кои се соочуваат туристичките субјекти, укажувајќи на можните механизми за финансирање и клучните актери во овој процес. Од резултатите се заклучува дека во туристичкиот бизнис, безусловно мора да се почитуваат принципите на екотуризмот.*

30. **Petrevska, B.** & Deleva, S. (2014). Empirical Investigation on Gastronomy and Wine Tourism, *Journal of Applied Economics and Business*, 2(4), 34-44.

*Во овој труд е разработена нераскинливата врска помеѓу храната и туризмот, ставајќи акцент на гастрономскиот туризам. Поконкретно, опишани се специфичните мотиви на туристите кои се поттикнати од гастрономијата и виното, преку појаснување на нивните искуства од консумирањето. Притоа, Македонија е земена како дестинација за анализирање на храната и виното. Заклучоците се дека Македонија изобилува со квалитетно вино и храна и дека истите треба подобро да се искористат во привлекувањето туристи.*

31. **Petrevska, B.** (2013). Tourism contribution to economic development in Macedonia, *Economy and Market Communication Review,* 3(2), 231-244.

*Во насока на истражување на влијанијата кои туризмот ги има врз економскиот развој на Македонија, трудот укажува на меѓусебната поврзаност на туризмот и економијата. Анализирани се неколку индикатори (БДП, вработеност и платен биланс) во периодот 1997-2012 г. Посебен акцент е ставен на периодот пред и по големата финансиска криза. Резултатите укажуваат на скромен придонес на туризмот во економскиот развој на Македонија и дека, како и повеќето туристички ориентирани земји, не била имуна на негативните последици од кризата.*

32. Koceski, S. & **Petrevska, B.** (2013). Advanced tourist trip planning using hybrid recommender, Engineering Management Reviews, 2(4), 115-123.

*Во овој труд се елаборирани промените кои се случуваат кај туристите во однос на начинот на кој пребаруваат информации за патување и престој. Предложена е методологија со помош на која на сите оние кои ја пребаруваат Македонија како туристичка дестинација, им се понудува листа на омилени атракции за посета. Целта е да се скрати времето на пребарување, да се пронајдат релевантни информации за да се испланира идеален одмор.*

33. **Petrevska, B.** (2013). Tourist profile of young-adults in Macedonia and their perception of e-tools, *Journal of Process Management – New Technologies*, 1(1): 49-56.

*Целта на овој труд е да дефинира туристички профил на младата популација во Македонија и истовремено да го определи степенот на користење на електронските алатки. Спроведено е емпириско истражување помеѓу студенти. Резултатите укажуваат на интересни заклучоци за нивните навики за патувања, преференции, интереси, желби и други податоци добиени во насока на креирање туристички профил. Притоа, се потврдува солидната поврзаност помеѓу тестираните променливи, што укажува дека младите во Македонија ги користат е-алатките во туристички цели.*

34. **Petrevska, B.** (2013). Empirical analysis of seasonality patterns in tourism, *Journal of Process Management - New Technologies*, 1(2), 87-95.

*Во овој труд е тестирано постоењето на сезоналноста во туризмот во Македонија преку пресметување на Gini коефициент. Според резултатите, се отфрла поставената хипотеза и се заклучува дека во Македонија концентрацијата на туристичките текови нема значително влијание врз туристичкиот развој.*

35. **Petrevska, B.** & Koceski, S. (2013). Recommending ideal holiday at national level, *Journal of Applied Economics and Business,* 1(1), 15-22.

*Овој труд ја опишува поврзаноста помеѓу туризмот и информациите. Поконкретно, преку случајот на Македонија е укажано на потребата од воведување систем - препорачател кој ќе им помага на туристите во идентификувањето на идеален одмор. Резултатите од тестирањето на точноста на предложениот модул укажуваат на успешна применливост во конкретни цели.*

36. **Petrevska, B.** & Dimitrov, N. (2013). Planning rural tourism development in Macedonia, *Journal of Process Management – New Technologies*, 1(3), 63-68.

*Овој труд има за цел да укаже на неопходноста од примена на концептот на планирање во туристичкиот развој. Во таа насока, детектирани се низа потенцијали за воведување на рурални туристички зони во Македонија, преку кои би се забрзал досегашниот скромен туристички развој.*

37. Tanceva, V. & **Petrevska, B.** (2011). Enhancing the Food Safety in the Tourism Sector – the case of Macedonia, *Journal of Hygienic Engineering and Design*, 1: 182-186.

*Овој труд ја третира проблематиката околу безбедноста на храната и туризмот. За таа цел, анализирани се најзначајните стандарди за примена на безбедност на храна укажувајќи на најчестите пропусти во спроведувањето на HACCP системот во Македонија. Оттука, презентирани се препораки со кои може значително да се унапреди примената на овој стандард.*

***Трудови објавени во зборници на трудови на стручни собири во земјава и во странство:***

38. **Petrevska, B.** (2014). Financing SMEs in Macedonia, Conference Proceedings from the International Conference "SMS Development and Innovation: Building Competitive Future of South-Eastern Europe", Ohrid, 3-4 October, 2014, 635-647.

*Овој труд има двојна цел. Најпрво, да ги опише изворите на финансирање на малите и средните претпријатија (МСП) и второ, да ги идентификува најчесто применуваните извори на финансирање во Македонија. Оттука, акцентот е ставен на улогата и значењето на Македонската банка за поддршка на развојот во периодот (МБПР) 1999-2011. Резултатите од анализата укажуваат дека МБПР била особено важна во услови на високи каматни стапки (номинални и реални) на комерцијалните банки со што практично МСП беа исклучени од банкарскиот сектор.*

39. **Петревска, Б.** (2014). Детерминанти на придонесот на туризмот во економскиот развој на Македонија, Зборник на трудови од Прва меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Штип, Македонија, 11-13 септември 2014, стр. 941-953.

*Овој труд го истражува влијанието на неколку фактори кои се особено значајни во појаснувањето на придонесот на туризмот во економскиот развој на Македонија. Поконкретно, направен е обид да се открие зависноста и степенот на значајност на одредени детерминанти кои најчесто го опишуваат туристичкиот придонес. Во таа насока, во истражувањето испитувана е меѓузависноста помеѓу, од една страна, капиталните инвестиции во туризмот, бројот на доаѓања на странските туристи и вкупниот број ноќевања, и нивното влијание кое го имаат врз бруто домашниот производ кој е креиран во туризмот. Направена е повеќекратна регресија преку примена на методот на најмали квадрати (OLS). Резултатите покажуваат дека некои детерминанти се манифестираат со голема еластичност што зборува за нивно големо влијание врз економскиот развој во Македонија. Наспроти нив, трудот ги дефинира оние детерминанти на туристичкиот придонес кои имаат многу скромно значење за македонската економија.*

40. **Петревска, Б.** (2014). Примена на социјалните медиуми во туристичката промоција: перцепција на младите во Македонија, Зборник на трудови од 2. меѓународна конференција на ЦККС „Медиуми – теорија и практика“, Скопје, Македонија, 4-6 септември, 2014.

*Овој труд го истражува односот на младата популација во Македонија кон социјалните медиуми. Подетално, истражувањето проучува како младите го перципираат интернетот и дали користат електронски социјални мрежи во споделувањето искуства. Емпириското истражување ги потврдува поставените хипотези и укажува на огромното значење на социјалните медиуми во туристичката промоција на земјата. Воедно, трудот препорачува користење на интернетот и другите електронски алатки во зголемувањето на свеста за Македонија како туристичка дестинација. Дополнително, овој труд ја поттикнува потребата за идентификување ефективна рамка за справување со досегашните скромни туристички резултати, притоа делувајќи како основа за иницирање предлози за подобрување, во прв ред на електронската туристичка промоција на Македонија.*

41. **Petrevska, B.** (2014). Estimating tourism contribution to Macedonian economy, Proceedings from the 4th International Scientific Conference “Science and Social Development”, Skopje, Macedonia, 9 May, 2014, 248-260.

*Во овој труд е направена проценка на влијанието на определени детерминанти кои се сметаат како значајни во квантифицирањето на туристичкиот придонес во развојот на туризмот. Притоа, анализиран е случајот на Македонија. Поконкретно, во периодот од 1993 до 2012 год. проценето е влијанието на капиталните инвестиции, бројот на доаѓања на странските туристи и вкупниот број ноќевања врз вкупниот придонес на БДП креиран од патувањето и туризмот. Според резултатите е заклучено дека постои скромен придонес на туризмот во економскиот развој на Македонија.*

42. **Petrevska, B.** (2013). A simple test for the presence of seasonality in tourism in Macedonia, Conference proceedings from the 1st International Conference “Regional Economic Cooperation in the process of Globalization”, Tetovo, Macedonia, 6-7 December 2013.

*Во трудот се опишани негативните ефекти на сезоналноста како еден од најзначајните ограничувачки фактори на туристичкиот развој. Во таа насока, направен е едноставен тест за проценка на интензитетот на сезоналноста во туризмот во Македонија. Притоа, се заклучува дека високата концентрација во јули и август не е со толкав голем интензитет за да го ограничува туристичкиот развој. Придонесот на овој труд е во научното потврдување за отсуство на висока сезоналност во летните месеци во Македонија.*

43. **Petrevska, B.** (2013). Empirical investigation of crisis impacts on tourism development, Proceedings from the International Conference “Good Governance in Developing Countries”, Tirana, Albania, 5-7 December, 2013.

*Во овој труд се опишани и појаснети ефектите на големата светска финансиска криза врз туристичкиот развој. Поконкретно, даден е осврт на негативните последици врз туризмот во Македонија. Резултатите од анализата укажуваат дека нагорниот развоен тренд во Македонија бил попречен од негативните ефекти на кризата. Истовремено, се препорачува заклучоците да се имаат предвид при креирањето на економска развојна стратегија на Македонија.*

44. **Petrevska, B.** (2013). Tourism contribution to economic development in Macedonia, Book of Abstracts, III International Scientific Conference on Economic Development and Standard of Living EDASOL 2013, "Overcoming the Economic Stagnation and Opening of Developmental Perspectives", Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, 25-26 October, 2013, p. 55.

*Трудот ја објаснува водечката улога на туристичката индустрија во светски рамки и прави анализа на случајот на Македонија во насока колку туризмот придонесува за економски просперитет на земјата. Преку различни видови анализи темелени на секундарни извори на податоци, истражувањето заклучува дека придонесот е исклучително скромен мерено низ основните економски индикатори.*

45. **Petrevska, B.** (2013). Innovative Approaches for Promoting Tourism in Macedonia, Conference Proceedings, 3rd Biennial International Scientific Congress ICON BEST 2013, Skopje, Macedonia, 4-6 October, 2013, 281-286.

*Трудот ја обработува тезата за примена на нови, иновативни пристапи во промоција на туризмот. Преку конкретен пример за Македонија, укажано е на потребата од креирање и развој на интелигентни начини за поддржување и унапредување на туристичката промоција.*

46. **Petrevska, B.** (2013). Seasonality in Macedonian tourism, Book of Abstracts, XII International Scientific Conference on Service Sector, Ohrid, Macedonia, 3-5 October, 2013, p. 12.

*Во овој труд се пресметани дел од основните индикатори за квантифицирање на туристичката сезоналност во Македонија (Gini, Seasonality Indicator и Coefficient of Variation). Притоа, користени се месечни податоци за вкупниот број туристи во Македонија во периодот 1992-2012. Според резултатите, во последните дваесетина години во Македонија не е евидентирано присуство на висок степен на сезоналност. Трудот обилува со низа препораки за надминување на скромните туристички резултати.*

47. **Petrevska, B.** (2013). Empirical evidence of tourism planning in hilly-mountain areas, Proceedings of Scientific Symposium with international participation "Problems and perspectives of hilly-mountain areas", Ohrid, Macedonia, 12-15 September, 2013, 479-487.

*Во овој труд е истакната неопходноста од планирање на туристичкиот развој во насока на максимизирање на позитивните и минимизирање на негативните ефекти за сите учесници во туристичките текови. Во насока на тоа, трудот прави обид за квантифицирање на потенцијалната туристичка побарувачка во ридско-планинските подрачја во Македонија преку краткорочна проекција. Резултатите покажуваат позитивни очекување на пораст, но и заклучок дека постојниот развој е исклучително скромен според потенцијалите кои постојат во овие подрачја.*

48. Petrevski, G. & **Petrevska, B.** (2013). Modelling Money Demand in the FYR of Macedonia, Book of Abstracts, International Conference "The Economies of Balkans and Eastern Europe Countries in the changed World", Istanbul, Turkey, 9-12 May, p. 84.

*Во овој труд е истражена меѓузависноста на парите и цените и нивното влијание врз најзначајните монетарни агрегати во спроведувањето на монетарната политика. За таа цел е применет моделот Vector Error Correction и е направено моделирање на побарувачката на пари во Македонија втемелено на податоци за периодот 1994Q1: 2012Q4. Покрај моделирањето на долг рок, во трудот е прикажана краткорочната динамика на пари и е анализирано прашањето за стабилноста на парите.*

49. **Petrevska, B.** (2012). Planning and Promotion of Sustainable Tourism Development in Macedonia, Conference Proceedings, First International Conference "South-East European Countries towards European Integration", Elbasan, Albania, 20 October, 701-706.

*Трудот го разработува прашањето за планирање и промовирање на одржлив развој на туризмот во Македонија. Поконкретно, анализирани се неколку значајни сфери на делување на централната власт во насока на поттикнување и воспоставување одржливост на туризмот. Резултатите посочуваат на голем број позитивни мерки и активности преземени во последните две децении врз чијашто основа се остварени скромни постигнувања. Оттука, трудот посочува на потребата од издигнување на оваа проблематика на повисоко преку промовирање на концептот на одржливост.*

50. Dimoska, T. & **Petrevska, B.** (2012). Indicators for Sustainable Tourism Development in Macedonia, Conference Proceedings, First International Conference on Business, Economics and Finance ICBEF "From Liberalization to Globalization: Challenges in the Changing World", 13-15 September, 2012, Stip, Macedonia, 389-400.

*Имајќи предвид дека одржлив туристички развој значи примена на концептот на одржливост во туризмот преку економска оправданост, еколошка одржливост и социолошка рамнотежа, во трудот е направена проценка на индикаторите на одржлив развој на туризмот во Македонија. Истовремено, укажано е на многубројните проблеми кои произлегуваат од различните критериуми во дефинирањето индикатори на одржливост. Според резултатите од истражувањето е заклучено дека во Македонија иако постои одржлив развој на туризмот, тој се наоѓа во почетна фаза. Имено, постојната одржливост генерално се однесува на еконолошкиот и социокултурниот аспект на живеење, додека сè уште не постои прифатливо ниво на економска одржливост на туризмот.*

51. **Petrevska, B.** & Koceski S. (2012). Web-based Portal for Tourism Promotion of Macedonia, Conference Proceedings, International Conference "The Role of Media in Promotion of Product and Service", Skopje, Macedonia, 14-15 June, 744-755.

*Овој труд го разработува прашањето дека доколку се сака да се зголеми бројот на туристи кои ја посетуваат туристичката дестинација, потребно е да се идентификуваат нови начини. Преференциите на патниците и туристите постојано се менуваат, а во услови на рапидно зголемување на улогата на интернетот, начинот и времето на пребарување информации е особено важно. Трудот предлага воведување нови начини на туристичка промоција преку кои ќе се привлечат повеќе туристи во Македонија. Заклучокот е дека сите важни креатори на туристичката политика во Македонија треба да ги следат промените кои од едноставно пребарување и консумирање информации се трансформираат во креирање, поврзување и размена.*

52. **Petrevska, B.** (2012). Application of E-tools for Tourism Promotion by Young-adult consumers in Macedonia, Conference Proceedings, International Conference "The Role of Media in Promotion of Product and Service", Skopje, Macedonia, 14-15 June, 61-75.

*Во овој труд е применета статистичка анализа за да се процени колку младите во Македонија го користат интернетот и социјалните мрежи во туристичка промоција и колкав е степенот на доверба во користењето на овие медиуми. Резултатите покажуваат дека младите во Македонија на возраст до 30 години ги користат овие два медиума во туристички цели и уживаат висок степен на доверба при споделувањето информации за туристичка дестинација.*

53. Petrevska, B. (2012). Tourism in Macedonia - Before and After the Crisis, Conference Proceedings, International Conference "Faces of the Crisis", Skopje, Macedonia, March, 63-70.

*Трудот ги презентира резултатите од истражувањето на проценката на влијанието на големата криза врз туристичкиот развојот во Македонија. Поконкретно, периодот на анализа е поделен на два под-периода, и тоа: 2002-2007 год. (пред започнување на кризата) и 2008-2010 год. (период на согледување на ефектите на кризата). Се заклучува дека кризата имала влијание поради негативните тапки на раст на БДП креиран во туризмот, бројот на вработени во туризмот и опфатот на туристички текови.*

54. **Petrevska, B.** & Kjosev, S. (2012). Planning and Estimating Tourism Demand – the case of Macedonia, Conference Proceedings, International Conference "BITCO 2012", Belgrade, Serbia, 22-24 March, 129-142.

*Во овој труд е направено планирање на туристичката побарувачка во Македонија преку проценка на идните краткорочни движења. Проектирани и моделирани се вредности со помош на ARIMA моделот како еден од најчесто применуваните квантитативни модели за предвидување. Заклучено е дека на крајот на проекцијата ќе има 25% зголемување на бројот на странските туристи во Македонија.*

55. Dimoska, T. & **Petrevska, B.** (2012). Tourism and Economic Development in Macedonia, Conference Proceedings, THI 2012, Opatija, Croatia, 3-5 May, 12-20.

*Трудот прави компаративна анализа на неколку параметри преку кои се согледува економскиот развој на Македонија, со цел да се извлече заклучок за придонесот на туризмот. Анализата е продлабочена во два интервали: 1991-2000 год. (период веднаш по осамостојувањето) и 2001-2010 год. Заклучено е дека доколку придонесот на туризмот во Македонија се споредува со просечни вредности на ниво на свет, тогаш тој е исклучително скромен. Меѓутоа, доколку се споредуваат со просечните вредности на ниво на Централна и Источна Европа, тогаш придонесот е доволен и оправдан.*

56. **Petrevska, B.** (2012). Tourism and Crisis - Past Patterns and Future Challenges, Conference Proceedings Vol. 2, International Conference "Trends and Challenges in the Economic Development", Varna, Bulgaria, 112-121.

*Во овој труд е даден приказ на влијанијата на финансиската криза врз развојот на туризмот во светски рамки, но и на ниво на Македонија. Идентификувани се најголемите влијанија врз бројот на доаѓања на странските туристи, БДП и вработеноста. Воедно, дадена е анализа на идни очекувања кои имаат позитивен предзнак.*

57. **Petrevska, B.** (2011). Planning and Forecasting Tourism Demand in Macedonia, Conference Proceedings, International Conference "Contemporary Trends in Tourism and Hospitality, 2011 – Via Danube, the Main Street of Europe", Novi Sad, Serbia, 169-177.

*Во трудот е дадена споредба на примена на методите за предвидување на туристичката побарувачка во Македонија, и тоа: методот на експоненцијално порамнување и методот на Бокс и Џенкинс. Резултатите се тестирани според прецизноста и валидноста преку пресметување стандардни индикатори, како: RMSE, MAE, MAPE и TIC. Се заклучува дека моделот на двојно експоненцијално порамнување е најпрецизен, па поради својата едноставност во пресметките е препорачан за предвидување на идните туристички трендови во Македонија.*

58. **Petrevska, B.** (2013). International tourism demand in Macedonia: current status and estimation, Yearbook of the Faculty of Economics, University in East Sarajevo, 7, 51-60.

*Во овој труд е анализирана постојната туристичка побарувачка на Македонија низ бројот на странските туристи, како основа за проектирање на идните трендови. Анализата на минатата и сегашната состојба е направена врз стилизирани податоци добиени од секундарни извори за периодот 2000-2011 год. Предложени и тестирани се повеќе алтернативни спецификации на моделот, а според резултатите идентификуван е најпрецизниот. Трудот заклучува дека и покрај предноста на проценката, сепак низа несакани влијанија не можат да се предвидат и вкалкулираат, како: финансиските шокови, терористичките напади, воените конфликти, епидемиите и сл.*

59. **Petrevska, B.**, Pupinoska Gogova, M. & Stamenov, Z. (2013). Tourism Recommendation Systems: Analytical Approach, Yearbook of the Faculty of Computer Science, UGD-Stip, 1(1).

*Во трудот е даден осврт на појавата и развојот на системите за туристичка препорака (tourism recommenders) кои има помагаат на патниците и туристите да го креираат својот одмор на начин кој најмногу им одговара преку персонализирање на испорачаните информации. Поради големите предности на овој систем, трудот предлага негово воведува во Македонија во насока на унапредување на туристичкиот развој.*

60. **Петревска, Б**. (2013). Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион, Зборник на трудови од научната трибина „Туризмот во Дојранскиот регион", стр. 101-112.

*Трудот прави приказ на можноста за проектирање на туристички движења во Дојран, Македонија. Втемелено врз позитивниот тренд на досегашниот туристички*

*развој, направен е обид да се предвидат идните туристички движења набљудувани во пошироки регионални рамки. Акцентирана е потребата од примена на квантитативните методи за предвидување на туристичката побарувачка како основа за креирање на методолошка рамка за иден туристички развој. Применет е методот на двојно експоненцијално порамнување преку два основни модела. По тестирање на прецизноста, предложен е модел за предвидување на бројот на туристи.*

61. **Петревска, Б.** (2012). Економско планирање на туристичката побарувачка во Македонија, Годишен зборник 2011, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет, 137-145.

*Во овој труд е проектирана туристичката побарувачка во Македонија за периодот до 2014 година преку основната променлива - број на доаѓања на странските туристи. Употребен е релативно едноставен квантитативен метод кој има практична применлива вредност, со напомена дека не укажува на причините кои влијаат врз прогнозираните вредности, од кои пак, зависат мерките и активностите кои би се презеле при креирањето на туристичката политика.*

62. **Петревска, Б**. (2012). Примена на електронските медиуми во туристичката промоција, Годишник на правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје по повод 35 год. од основањето на студиите по новинарство на Правниот факултет, 44-46, стр. 253-266.

*Трудот укажува на предизвиците околу интензивната примена на интернетот како медиум во промоција на туризмот во Македонија. За таа цел, предмет на истражување е односот на младата популација генерално кон три аспекти: (1) Примена на интернетот во туризмот и патувањето; (2) Користење електронски социјални мрежи во споделувањето искуства од туризмот и патувањето; (3) Доверба во електронските медиуми за потребите на туристичката промоција. Резултатите укажуваат на потребата за идентификување ефективна рамка за справување со досегашните скромни туристички резултати, дејствувајќи притоа како основа за иницијални препораки за подобрување на туристичката промоција во земјата.*

63. Dimitrov, N. & **Petrevska, B.** (2012). Rural tourism development zones: the case of Macedonia, *Researches review of the Department of geography, tourism and hotel management, University of Novi Sad*, 41, 152-162.

*Целта на овој труд е да ја прикаже тековната состојба во руралниот туризам во Македонија и да предложи идни чекори во воведувањето рурални туристички развојни зони. Се заклучува дека постои скромен и лимитиран развој на руралниот туризам во Македонија, наспроти триесетте идентификувани потенцијални зони, дваесеттината рурални туристички центри и преку двестете рурални туристички населби.*

64. **Петревска, Б.** (2010). Значењето на туризмот во економската активност на Македонија, Зборник на трудови на МИТ Универзитет - Скопје, 1(1): 249-258.

*Трудот прави обид за спроведување сеопфатна анализа на директните економски ефекти на туризмот, со цел да се согледа, и до некаде да се квантифицира економската корист од туризмот во Македонија. Во таа насока, најнапред е анализиран придонесот на туризмот во вкупната економска активност изразен преку БДП создаден во хотелскиот и ресторанскиот сектор. Потоа, следи анализа на вработените во туризмот и можноста за генерирање на нови работни места. Значењето на туризмот во економската активност е заокружено со анализа на платниот биланс, поконкретно на нето приливите од туристички услуги.*

Во мај 2014 год., кандидатката д-р Петревска остварува студиски престој преку учество во меѓууниверзитетска програма за размена на наставнички кадар за академската 2013/2014 год., во рамки на Mevlana Exchange Programme, Mehmet Akif Ersoy University. Истовремено, кандидатката е обучувач на две меѓународни летни школи за студенти, и тоа: International Summer School 2013, "Make a Difference: Become a CSR EU Leader" и International Summer School 2010 "Make a Difference: Become a Green EU Leader".

Д-р Петревска е член на уредувачки одбор на две меѓународни списанија (International Business Research и Journal of Process Management - New Technologies) и рецензент во две научни списанија (Journal of Tourism "Revista de turizam", African Journal of Business Management). Истовремено, таа е член на организациониот одбор за одржување на научната

трибина „Туризмот во Дојранскиот регион“ организиран помеѓу Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Локалната самоуправа на Дојран.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

За време на изборниот период, кандидатката д-р Билјана Петревска учествува во три научноистражувачки и апликативни проекти во земјава и еден во странство, а воедно раководи со еден проект во земјава, и тоа:

65. Учесник во проектот „Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија“ (проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип) (2015-тековно);
66. Учесник во проектот „Можности и методи за замена и заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во хотелската индустрија“ (заеднички проект на Електротехнички факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика при УГД, финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип) (2015-тековно);
67. Раководител во Проект за развивање стратегија за целосна проценка на угостителско-туристичкиот сектор во Македонија (дел од проектот “Increasing Market Employability”), имплементиран од Центарот за институционален развој ЦИРа (2014);
68. Учесник во проектот COST Action IS1204 “Tourism, Wellbeing and Ecosystem Services”, имплементиран од European Cooperation in Science and Technology (2012-тековно).

Кандидатката д-р Петревска е рецензент на еден универзитетски учебник („Менаџмент во туризмот“ од Јаковлев, З. и Мицески, Т.); една скрипта „Анимации во туризмот“ (Јаковлев, З.) и два практикуми „Практикум по анимации во туризмот“ (Јаковлев, З. и Ковачевиќ, К.) и „Практикум по хотелиерство“ (Ташков, Н. и Методијески, Д.). Овие наслови се користат во наставата на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Во изборниот период, кандидатката д-р Петревска е член на повеќе факултетски органи и комисии и тоа: Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Конкурсната комисија за упис на студенти на втор циклус студии на ФТБЛ, Комисија за запишување нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии и Комисија за признавање испити на студенти. Истовремено, д-р Петревска е член/претседател на 11 рецензентски комисии за различни избори (асистенти-докторанди, асистенти, помлади асистенти и доценти).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доцент д-р Билјана Петревска, вработена на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетт „Гоце Делчев“ во Штип, е единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економика на туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на анализата на приложените документација се воочува дека кандидатката д-р Билјана Петревска активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија, активно учествува со оригинални трудови на значајни меѓународни конференции и се јавува како учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Покрај научноистражувачката дејност, кандидатката успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв и втор циклус студии. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Билјана Петревска има извонреден придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката д-р Билјана Петревска да биде избрана во звањето вонреден професор од наставно-научната област економика на туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сашо Ќосев, Економски факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ацковска, Економски институт - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член, с.р.**
**Проф. д-р Златко Јаковлев, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Билјана Петревска (2010-2015)**

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Избрана во звање доцент | 30 | | | | |
| | **ВКУПНО** | **30** | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга<br>во земјава, реф. 1-4, 6-9<br>во странство, реф. 5 | 8 | 10 | 1 | 15 | 95 |
| 4 | Трудови објавени во научно списание опфатено во (SCI)<br>реф. 10,11 (самостоен автор)<br>реф. 12<br><br>Трудови објавени во научно списание опфатено во (CA)<br>реф. 13-15, 23, 26-28 (самостоен автор)<br>во странство, реф. 16-17, 22-25<br><br>Трудови објавени во научно списание<br>во земјава, реф. 32 (самостоен автор)<br>во земјава, реф. 29-30, 35, 37<br>во странство, реф. 31, 33-34 (самостоен автор) | 7<br>1<br>4 | 7,8<br>1,3<br>1 | 2<br>1<br>6<br>3 | 11,5<br>9<br>6<br>3,9 | 23<br>9<br>54,6<br>36<br>1,3<br>4<br>11,7 |
| 10 | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 12 | Раководител на научен проект (реф. 67) | 1 | 4 | | | 4 |
| 19 | Член на организационен одбор на научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| 22 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **259,6** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание (годишници):<br>во земјава (реф. 59-62, 64)<br>во странство (реф. 58, 63) | 5 | 2 | 2 | 6 | 10<br>12 |
| 6. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>во земјава (реф. 38-42, 45-47, 50-53)<br>во странство (реф. 43-44, 48-49, 54-57) | 12 | 2 | 8 | 3 | 24<br>24 |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | 2 | 2 | 4 |
| 13. | Учесник во научен проект<br>во земјава (реф. 65-66)<br>во странство (реф. 68) | 2 | 5 | 1 | 8 | 10<br>8 |
| 15. | Техничко унапредување<br>Обучувач на меѓународни летни школи | 2 | 2 | | | 4 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 19 | 2 | | | 38 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **423,6** |